- **Б5** – Хотелски комплекси, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **5%**,
- **В1** - образование и наука, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **30%**,
- **В2** - здравство и социјална заштита, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **30%**,
- **Д3** – Спорт и рекреација, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **30%**.

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува **30%**.

Со основна гласа на намена **А2** – Домување во станбени згради ангажирани се 2.58ха или 6,07% од територијата во границите на планскиот опфат.

Во планскиот опфат во Блок СЗ 24.01 се планираат - 19 градежни парцели и во Блок СЗ 24.02 - 3 градежни парцели или вкупно 22 градежни парцели на ниво на плански опфат. За градежните парцели покрај основната класа на намена **А2** – Домување во станбени згради, планирани се и компатибилни класи на намена во однос на основната класа и тоа:

- **Б1** – Мали комерцијални и деловни намени, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **20%**,
- **Б2** – Големи трговски единици, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **30%**,
- **Б4** – Деловни простори, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **20%**,
- **Б5** – Хотелски комплекси, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **15%**,
- **В3** – Култура, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **40%**,
- **В4** – Државни институции, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **10%** и
- **Д3** – Спорт и рекреација, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **40%**.

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува **40%**.

Со основна гласа на намена **А3** – Групно домување на ниво на плански опфат ангажирани се 0,15ха или 0,35% од територијата во границите на планскиот опфат.

Во планскиот опфат со основна класа на намена **А3** – Групно домување се планираат во Блок СЗ 24.02 - 1 градежна парцела на ниво на плански опфат. За градежната парцела покрај основната класа на намена **А3** – Групно домување, планирани се и компатибилни класи на намена во однос на основната класа и тоа:

- **Б1** – Мали комерцијални и деловни намени, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **20%**,
- **Б2** – Големи трговски единици, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **20%**,
- **В1** - образование и наука, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **20%**,
- **В2** - здравство и социјална заштита, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **20%**,
- **В3** - култура, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **20%**,
- **Д3** – Спорт и рекреација, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **20%**.

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува **20%**.

При уредувањето на просторот водено е сметка за негова рационална искористеност и да не се нарушат основните принципи на начин на живеење и хуманизација на просторот, што е постигнато со диспозиција, површина, катност и висина на објектите.

Максималната височина, т.е. одредување на кота на венец во однос на тротоар е:

- кота на тротоар ±0,00 m;
- кота на приземна плоча или нулта точка во однос на нивелетата на тротоар изнесува максимум 1,20 m;
- максимална височина на слемето, како највисока точка на кровната конструкција, изнесува 4,50 m над завршниот венец на градбата;

А-ДОМУВАЊЕ					
класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	вкупно изградена површина	коефициент на искористеност
А1 домување во станбени куќи	45031 м2	12660 м2	28%	43463 м2	0.97
А2 домување во станбени згради	25799 м2	9581 м2	37%	53998 м2	2.09
А3 групно домување	1479 м2	891 м2	60%	1303 м2	0.88
Вкупно	72309 м2	23132 м2	32%	98765 м2	1.37

Демографски податоци

- Вкупна површина на градежни парцели за домување ..... 70.830 m²
- Површина под градби со намена домување ..... 22.241 m²
- Бруто развиена површина со намена домување ..... 97.462 m²
- Број на жители 1372
- Број на домаќинства 381
- Просечна структура на домаќинство 3,6
- Бруто густина на домување ..... 194 ж/ha
- Процент на изграденост за домување 32%
- Коефициент на искористеност за домување 1.34

При планирањето на површините за градење за домување, тенденција е обезбедување на минимум 32.5m² бруто станбена површина по жител или до максимум 65m² бруто станбена површина по жител доколку постојат стекнати права со претходна планска документација. Како норматив за пресметка за оваа планска документација е усвоен 55,5m² бруто станбена површина по жител. Просечен број на членови во едно домаќинство изнесува 3,6.

Ако се земе како норматив дека во еден објект се планира едно (1) домаќинство во градежните парцели со класа на намена А1 - домување во станбени куќи, бројот на жители изнесува:

111 домаќинства x 3.6 = 400 жители

Вкупната бруто развиена површина на градежните парцели со класа на намена А2 - домување во станбени згради е 53.977м^2 на ниво на плански опфат, а бројот на жители изнесува:

53.988м^2 : 55,5м^2/ж = 972 жители.

Оттука, планираниот број на жители изнесува 1372, а планиран број на домаќинства на ниво на плански опфат е 1372:3,6=381.

Параметри за домување на ниво на блокови:

**** во Блок СЗ 24.04 не е планирано домување***

ДУП за Градска Четврт СЗ 24 Блок СЗ 24.01, Блок СЗ 24.02 и Блок СЗ 24.04 Општина Ѓорче Петров							
ДОМУВАЊЕ БЛОК СЗ 24.01							
БЛОК СЗ 24.01	класа на намена	број на жители	број на домакинства	површина на парцела во блок	бруто развиена површина	коефициент на искористеност	бруто густина
				m2	m2	k	`/ha
	А1	281	78	30124 м2	30528 м2	1.01	93
	А2	908	252	23388 м2	50435 м2	2.16	388
Вкупно		**1189**	**330**	**53513 м2**	**80963 м2**	**1.51**	**222**

ДУП за Градска Четврт СЗ 24 Блок СЗ 24.01, Блок СЗ 24.02 и Блок СЗ 24.04 Општина Ѓорче Петров							
ДОМУВАЊЕ БЛОК СЗ 24.02							
БЛОК СЗ 24.02	класа на намена	број на жители	број на домакинства	површина на парцела во блок	бруто развиена површина	коефициент на искористеност	бруто густина
				m2	m2	k	`/ha
	А1	119	33	14907 м2	12935 м2	0.87	80
	А2	64	18	2410 м2	3564 м2	1.48	266
Вкупно		**183**	**51**	**17317 м2**	**16499 м2**	**0.95**	**106**

Параметри за домување на ниво на плански опфат

А-ДОМУВАЊЕ								
класа на намена	број на жители	број на домакинства	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	вкупно бруто изградена површина	коефициент на искористеност	бруто густина
А1 домување во станбени куќи	400	111	45031 м2	12660 м2	28%	43463 м2	0.97	89
А2 домување во станбени згради	972	270	25799 м2	9581 м2	37%	53998 м2	2.09	377
Вкупно	1372	381	70830 м2	22241 м2	31%	97462 м2	1.38	194

В – Јавни институции .....1,05 ha

Со основна гласа на намена **В2** – Здравство и социјална заштита /Болница/ ангажирани се 0,99ха или 2,33% од територијата во границите на планскиот опфат.

Во планскиот опфат се планираат 2 (две) градежни парцели со основна класа на **В2** – Здравство и социјална заштита /Болница/.

За градежните парцели 1.96 и 1.97, покрај основната класа на намена **В2** – Здравство и социјална заштита /Болница/, планирани се и компатибилни класи на намена во однос на основната класа и тоа:

- **А3** – Групно домување, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **20%**,
- **Б1** – Мали комерцијални и деловни намени, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **20%**,
- **Б4** – Деловни простори, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **20%**,

- **Д3** – Спорт и рекреација, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **20%** и
- **Е2** – Комунална супраструктура, со максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од **5%**.

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува **40%**.

За овие градежни парцели зададен е услов за понатамошна разработка со архитектонско – урбанистички проект.

Со основна гласа на намена **В5** – Верски институции /Црква/ ангажирани се 0,06ха или 0.14% од територијата во границите на планскиот опфат.

Во планскиот опфат се планира 1 (една) градежна парцела 01.77 со основна класа на **В5** – Верски институци /црква/.

За градежната парцела 1.77, не се планирани компатибилни класи на намена.

В-ЈАВНИ ФУНКЦИИ					
основна класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност
	м2	м2	%	м2	к
В2 Здравство и социјална заштита	9912 м2	6259 м2	63%	24827 м2	2.50
В5 Верски институции	591 м2	70 м2	12%	70 м2	0.12
Вкупно	10503 м2	6329 м2	60%	24897 м2	2.62

Д – Зеленило и рекреација.....14.24ha

Во планскиот опфат планирани се наменски зони со основна класа на намена **Д1** – парковско зеленило и **Д2** - заштитно зеленило. Со основна класа на намена **Д1** – Парковско зеленило се ангажирани 0,40ха или 0,94% од територијата во границите на планскиот опфат, а со основна класа на намена Д2 - заштитно зеленило се ангажирани 13,84ха или 32,59% од територијата во границите на планскиот опфат.

За овие зони не се планираат градежни парцели, ниту компатибилни класи на намена во однос на основната класа. Предвидено е уредувањето на овој простор, наменет за организирано зеленило за општа употреба, да биде со партерни решенија и избор на вегетација според претходно изготвени проекти и хортикултурни решенија.

Покрај овие зони со јавно парковско и заштитно зеленило, задолжителен услов за реализација на сите градежни парцели (освен оние со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура /трафостаница/) е предвидување на зеленило во склоп на градежните парцели, со минимална застапеност од 20% во однос на секоја градежна парцела поединечно, а во склад со одредбите на Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18).

Не е дозволено наводнувањето на зелените површини во планскиот опфат да се врши со вода од градскиот водоснабдителен систем. Наводнувањето ќе се врши со техничка вода преку локален бунарски систем.

Д-ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА					
основна класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност
	м2	м2	%	м2	к
Д1 парковско зеленило	4022 м2	/	/	/	/
Д2 заштитно зеленило	138356 м2	/	/	/	/
Вкупно	142378 м2	/	/	/	/

Е – Инфраструктура .....20.21 ha

Со основна гласа на намена **Е2** – Комунална супраструктура /Трафостаници/ ангажирани се 0,02ха или 0,05% од територијата во границите на планскиот опфат.

Во планскиот опфат се планираат 5 (пет) градежни парцели со основна класа на намена **Е2** – Комунална супраструктура /Трафостаници/ од кои 2 градежни парцели се наменети за дупли трафостаници. За градежните парцели со основна гласа на намена **Е2** – Комунална супраструктура /Трафостаници/, не се планираат компатибилни класи на намена во однос на основната класа.

Во групата на класи на намена Е – Инфраструктура спаѓаат и сообраќајните површини, со основна класа на намена **Е1** – Комунална инфраструктура /Сообраќајни површини/, со кои се ангажирани 20,19ха или 47.53% од територијата во границите на планскиот опфат. За овие површини не се планираат градежни парцели, ниту компатибилни класи на намена во однос на основната класа.

Во рамки на планскиот опфат планирани се површини наменети за отворен јавен паркинг во рамки на Блок СЗ 24.01 со вкупна површина од 4956м^2.

Е-ИНФРАСТРУКТУРА					
основна класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност
Е1 комунална инфраструктура /Трафостаница/	197 м2	123 м2	62%	123 м2	0.62
Е1 комунална инфраструктура /Сообраќајни површини/	201887 м2	/	/	/	/
Вкупно	202084 м2	123 м2	62%	123 м2	0.62

4.1.6. Сообраќајна и комунална инфраструктура

4.1.6.1. Сообраќаен план

Планираната улична мрежа за локалитетот е поставена врз основа на решенијата од Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012 – 2022, Урбанистичкиот план за четврт СЗ 24 Скопје 2016 – 2022, постојната состојба на уличната мрежа која моментално го опслужува сообраќајот како и претпоставените токови на движење на моторниот и пешачкиот сообраќај, а според урбанистички поставената организација на просторот со намена на површини и функции кои ќе егзистираат во истиот за предвидениот плански период.

Со ГУП на Град Скопје 2012 – 2022 и РПЧ СЗ 24 Скопје 2016 – 2022 планирани се следниве сообраќајници:

Собирна улица „Ѓорче Петров“ (пресек 1-1)

- коловоз	4×3,50	= 14,00m
- тротоари	1×2,00	
	1×3,00	= 5,00m
- велосипедска патека	2×2,50	= 5,00m
Вкупно:		24,00m

Градска магистрална улица „Сарај“ (пресек 2-2)

- коловоз	4×3,50	= 14,00m
- тротоари	1×5,50	
	1×2,00	= 7,50m
- велосипедска патека	1×2,50	= 2,50m
Вкупно:		24,00m

Собирна улица „Сремски фронт / Алексо Демниевски D.01A-C.44A“ (пресек 3-3)

- коловоз	4×3,50	= 14,00m
- тротоари	2×3,00	= 6,00m
Вкупно:		20,00m

Градска магистрална улица - Булевар „Македонска Војска“ C.44A-B.22“ (пресек 4-4)

- коловоз	4×3,50	= 14,00m
- тротоари	1×7,00	
	1×6,00	= 13,00m
- зеленило	2×5,00	= 5,00m
Вкупно:		32,00m

Мост „Сарај“ (пресек 5-5)

- коловоз	3×3,50	= 10,50m
- тротоари	2×2,00	
	1×2,60	= 6,60m
- велосипедска патека	1×1,80	
	1×2,50	= 4,30m
Вкупно:		21,40m

Сервисни улици „C1“ и „C3“

- коловоз	2×3,00	= 6,00m
- тротоари (структура до Р.Л.)	2,00+3,50	= 5,50m
Вкупно:		11,50m

Сервисна улица „C2“

- коловоз	4×3,00	= 6,00m
- тротоари	2×1,50	= 3,00m
Вкупно:		9,00m

Истите се доследно преземени и вклопени во сообраќајното решение.

Со цел да се обезбеди сообраќаен пристап до секоја планирана градежна парцела, со овој детален урбанистички план дополнително се планирани сервисни, станбени и пристапни улици – дел од секундарната улична мрежа и тоа:

Станбени улици „Ст-1“, „Ст-2“, „Ст-3“,„Ст-4“ (Пресек 11, 12, 13, 14)

- коловоз	2×2.75	= 5,50m
- тротоари	2×1,50	= 3,00m
Вкупно:		8,50m

Станбена улица „Ст-5“ (Пресек 15)

- коловоз	2×2,75	= 5,50m
- тротоари	2×1,50	= 3,00m
Вкупно:		8,50m

Пристапни улици „1“, „2“, „3“, „4“, „5“

- коловоз	2×2,75	= 5,50m

Пристапни улици „6“, „7“, „8“

- коловоз	1x3,50	= 3,50m

Пешачки улици „27“

- коловоз	1x4,50	= 4,50m

Пешачки улици „28“

- коловоз	1x5,10	= 5,10m

Планирани се и 12 пешачки патеки и отворени 6 јавни паркингзи.



Радиусите и кривините на уличната мрежа се планирани адекватно со сообраќајните прописи и се стандардни. Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална така и хоризонтална, треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Паркирањето на моторните возила е предвидено во рамките на планскиот опфат, со димензионирање на потребниот број на паркинг места во согласност со одредбите на член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Возможна е реализација на заедничко подземно и надземно паркирање, преку заедничка пристапна комуникација, а по добиена согласност од сопствениците на градежното земјиште кое е опфатено со предметните градежни парцели. Потребите за паркирање на градежните парцели да се обезбедат во рамки на сопствените градежни парцели.

Потребниот број на паркинг места ќе се определи на следниот начин:

А1 – Домување во станбени куќи

- за станбени куќи по едно паркинг место на една станбена единици;

А2 – Домување во станбени згради

- за станбени згради вон централни градски подрачја на 80m² од вкупно изградената станбена површина по едно паркинг место.

А3 – Групно домување

- Потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

В2 – Здравство и социјална заштита /Болница/

- 1 паркинг место на секои 120m² од вкупно изградената површина.

В5 – Верски објекти /Црква/

- Потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата.

Д1 – Парковско зеленило

- Потребите за паркирање се решаваат во проектна документација.

* Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е обврзувачки услов за изградба до максимално дозволената бруто развиена површина и максималната површина за градба.

Нивелациски план

Со изработка на Деталниот урбанистички план за Градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.01, Блок СЗ 24.02 и Блок СЗ 24.04, Општина Ѓорче Петров, Скопје пристапено е кон изработка на нивелманското решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелманското решение е изработка на вертикално решение на планираната улична мрежа.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е зададената нивелација со ГУП на Град Скопје 2012 – 2022 и РПЧ СЗ 24 Скопје 2016 – 2022, како и постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

Подолжните падови се движат во границите на дозволените, со најмал подолжен наклон од 0,30% и најголем од 2,93%.

4.1.6.2. Хидротехничка инфраструктура

Основните решенија за водовод, фекална и атмосферска канализација за Деталниот урбанистички план се изработени на основа следните подлоги и податоци:

- плански решенија во плановите од повисоко ниво,
- постојната хидротехничка инфраструктура во локалитетот согласно податоците обезбедени од ЈП Водовод и канализација – Скопје,
- насоки добиени од техничка служба при ЈП Водовод и канализација – Скопје, по однос концептот на решавање на проекција на хидротехничката инфраструктура,
- нивелациското решение на улиците во границите на планскиот опфат и
- технички прописи и нормативи за овој вид на инсталации.

Со планската документација просторот е предвиден со содржини кои се со намени А – Домување, В – Јавни институции и Е - Инфраструктура.

Површината на планскиот опфат изнесува 42.47ha.

Вкупен број на жители за планскиот период 2020-2025год., изнесува **Nk = 1372**.

Водоснабдување

Водоснабдувањето на постојните и новопланираните објекти во локалитетот ќе се врши преку постојната и новопланирана водоводна мрежа, која преставува дел од Градскиот водоводен систем.

Во постојна состојба долж улицата „Ѓорче Петров“, на северната граница на планскиот опфат, минува водовод Ø150, долж улица „Сремски фронт / Алексо Демниевски D.01A-C.44A“ минуваат водоводни цевки Ø100 и долж странбените улици во планскиот опфат минуваат водоводни цефки со профили Ф51, Ф80, Ф100 и Ф150. Дел од водоводните цефки се реконструираат со минимален профил од Ф100 и инсталациите кои минуваат ниц градежни парцели се поништуваат и се планираат нови долж сообраќајните профили.

Водоводна мрежа во локалитетот е кружна (циркулациона). Истата придонесува за зголемување на сигурноста во снабдувањето со вода (водата во секоја точка доаѓа од два правци). Мрежата располага со доволен број на затварачи со кои се врши изолација на поедини делници при евентуален дефект на мрежата.

Потребно количиство на вода

Параметрите за одредување на потребната количина на вода за населението се усвоени од Генералниот урбанистички план на град Скопје и предвидени со овој ДУП.

Потребна количина на вода за домување:

$Q_{max/час} = \frac{Nk \times Q \times a1 \times a2}{86400}$, каде што:

- Nk - број на жители, посетители = 1372 жители
- Q - водоснабдителна норма; Q = 250 l/ден/жит.
- a_1 = коефициент на дневна нерамномерност; a_1 = 1,3
- a_2 = коефициент на часова нерамномерност; a_2 = 1,5

$$Q_{max/час} = \frac{Nk \times Q \times a1 \times a2}{86400} = \frac{1372 \times 250 \times 1{,}3 \times 1{,}5}{86400} = 7.76 \text{ l/sec}$$

Потребна количина на вода за јавни институции:

$Q_{max/час} = \frac{Na \times Qa \times a2}{16 \times 3600}$, каде што:

- Na - број на вработени = 300 вработени
- Qa - водоснабдителна норма; Qa = 40 l/ден/вработен
- a_2 = коефициент на часова нерамномерност; a_2 = 2,0

$$Q_{max/час} = \frac{Na \times Qa \times a2}{16 \times 3600} = \frac{300 \times 40 \times 2{,}0}{57600} = 0{,}42 \text{ l/sec}$$

Вкупно потребна количина на вода за целиот опфат:

$Q_{max/час}$ = 7,76 + 0,42 = 8,18 l/sec

Согласно со важечките прописи за заштита од пожар потребно е да се одреди дополнителна количина на вода за противпожарна заштита и тоа:

$Q_{пож}$= 15 (l/sec)

Според тоа вкупната количина на вода која треба да се обезбеди, изнесува:

$Q = Q_{max/час} + Q_{пож}$ = 8,18 +15,00 = **23,18** (l/sec)

За оваа количина на вода одговара водоводен приклучок со цевка Ø200mm со следниве карактеристики : брзина на водата V = 2,76 (m/sec) и хидраулички загуби од J=0,0315 m/m'.

Дистрибуцијата на потребната количина на вода до крајните корисници во рамките на планскиот опфат на овој Детален урбанистички план ќе се врши преку постојната и планираната секундарна водоводна мрежа, која ќе се состои од профили Ø100, Ø150 и Ø200mm по околните улици и во внатрешноста на опфатот.

Не е дозволено наводнувањето на зелените површини во планскиот опфат да се врши со вода од градскиот водоснабдителен систем. Наводнувањето ќе се врши со техничка вода преку локален бунарски систем.

Фекална канализација

Одведувањето на фекалните и отпадните води од постојните и планираните објекти во локалитетот ќе се врши преку постојната и планирана фекална канализација.

Постојната фекална канализација со своите траси се вклопува во новото детално урбанистичко решение и понатаму ќе биде во функција, а према предвидените содржини, бројот и видот, предвидена е и проекција на фекална канализација со профили Ø250mm до Ø300mm (секундарна), а користејќи ги постојните колектори како реципиенти.

Количини на отпадни и фекални води

Количината на отпадните води ќе се пресметува како 80% од максималната часова потрошувачка на вода, зголемена за 20% од инфилтрација на подземни води.

$Q = 0,80 \times 8,18 \times 1,2 = 7,85$ l/sec

За овој проток на вода при минимален пад од 0,3% за канализацијата одговара цевка со профил од Ø250mm. Согласно препораките на ЈП Водовод и канализација – Скопје за користење на минимален профил Ø250mm за фекална канализација, усвоен е профил со Ø250mm, со полнеж од h/d = 0,40 и брзина на водата V = 0,77m/sec.

Планирано е поставување на нови водови на фекалната канализација со надоврзување на постојните. Канализационата мрежа ќе се состои од канализациски цевки со Ø250mm, Ø300mm и армирано - бетонски ревизиони шахти.

Атмосферска канализација

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, дворните површини, од површините на улиците и зелените површини.

Планираната атмосферска канализација е усогласена со нивелациското решение на уличната мрежа, а според конфигурацијата на теренот. Во делот каде постојната атмосферска инсталација навлегува во градежни парцели истата се поништува и се планира долж сообраќајните профили.

Количини на атмосферски води

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, средниот коефициент на отекување, коефициентот на ретардација (задоцнување) и интензитетот на врнежи за Скопската котлина кој изнесува i = 110 l/sec/ha.

$Q = \Sigma F \times i \times \Psi \times \phi$

Вкупната сливна површина која гравитира кон атмосферската канализација изнесува:

Fa = 42,47ha

Средниот коефициент на отекување ќе се пресмета по формулата:

$$\Psi = (F1 \times \Psi1 + F2 \times \Psi2 + F3 \times \Psi3) / \Sigma F$$

$$\Psi = (1,879 \times 0,80 + 1,049 \times 0,15 + 1,684 \times 0,85) / 42,47 = 0,040$$

Каде:

F1 – површини под покриви
F2 – површини со зеленило
F3 – површини под улици и тротоари
Ψ1 – коефициент на отекување од покриви
Ψ2 – коефициент на отекување од зеленило
Ψ3 – коефициент на отекување од улици и тротоари

Коефициентот на ретардација ќе се пресмета по формулата:

$$\phi = 1 / n\sqrt{\Sigma F} = 1 / 5\sqrt{4,611} = 1 / 1,358 = 0,737$$

при што n = 5 за површини со слаб наклон и со продолжена форма.

Според тоа количината на атмосферска вода за одводнување изнесува:

$$Qa = 42,47 \times 110 \times 0,04 \times 0,737 = 137,72 \text{ l/sec}$$

Усвоено е главната одводна цевка за атмосферска канализација за овој дел да биде Ø600mm со минимален пад од 0,30% и брзина на течење V = 1,19m/sec.

Уличната мрежа од атмосферската канализација, согласно препораките на ЈП Водовод и канализација – Скопје, треба да се изведе со цевки со минимален профил од Ø300mm.

4.1.6.3. Електро-енергетика и телекомуникациски инсталации

Во планскиот опфат согласно добиени постојни инсталации од ЕВН Електродистрибуција во рамки на планскиот опфат се евидентирани нисконапонски подземни и надземни водови, среднонапонски до 35кW подземни и надземни водови и високонапонски подземни водови.

Со планското решение планирана е дислокација односно подземно каблирање на воздушните нисконапонски водови. За сите постојни и планирани инсталации планирани се соодветни засштитни појаси.

За содржините со намена А-Домување, електричната мрежа и потребата од едновремена ел. снага се димензионира според следните електроенергетски параметри:

$$P_{en1} = f_n \times P_e \times n$$

$$f_n = f\sim + \frac{1-f\sim}{\sqrt{n}}$$

каде:

P_{en1} - вкупна едновремена ел. снага за „n“ станови
P_e - едновремена ел. снага за просечен стан Pe' = 13kW
f~ - фактор на едновременост, за бесконечен број на станови f~=0,15
f_n - коефициент на едновременост за „n“ станови
n - број на станови, n=381

$$f_n = f\sim + \frac{1-f\sim}{\sqrt{n}} = 0,15 + \frac{1-0,15}{\sqrt{381}} = 0,19$$

$P_{en1} = f_n \times P_e \times n = 0,19 \times 13 \times 381 =$ **941kW**

За останатите предвидени функции едновремената ел. снага за новопредвидените објекти се димензионира според следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

- за деловно – административни функции 0,06kW/m²

Вкупната бруто развиена површина на планираните содржини со административни функции изнесува 24897m².

Едновремената ел. снага за нив изнесува P_{en2} = **1270kW**.

Вкупната едновремената ел. снага изнесува: $P_{en} = P_{en1}+P_{en2}$ = **2211kW**

Бројот на трафостаници се одредува за ТС опрема со енергетски маслен трансформатор од 20kVA и лоцирани во тежиштето на конзумот.

$$\eta_{tr}=\frac{\Sigma P_{en}}{S_{tr}}=\frac{2211}{381\times 0,75}= 7,74 \sim 8 \text{ трафостаници}$$

Во опфатот се предвидени 5 градежни парцели со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура /Трафостаница/ предвидена за изградба на трафостаници за задоволување на електроенергетските потреби на градежните парцели во планскиот опфат од кои 3 се наменети за поставување на дупли трафостаници. Во рамки на планскиот опфат планирани се вкупно **8** трафостаници.

Улично осветлување

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа „В-2”, споредни, локални
- класа „В”, паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

„В-2“ (С)

- сјајност на коловозот	L_m=1-1,5cd/m²
- средна погонска осветленост	E_{sr} = 15-25Lx
- просечна рамномерност	jr = 40%
- висина на монтажа на светилките	H=8m
- светлосен извор	VTFE-250W
- начин на поставување	едноредeн

„В“ - паркинг простори

- средна погонска осветленост	E_{yg} = 10-20Eh
- просечна рамномерност	jr = 25%
- висина на монтажа на светилките	N= 8(10) (m)
- светлосен извор	VTFE - 250W
- начин на поставување	двореден (едноредeн).

Телекомуникациска мрежа

Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот: станбена единица – телефон, а за јавните содржини се определува према нивната големина (површина), функција, број на вработени и сл., а за трговско деловни објекти за секој локал по два телефонски приклучоци, или на секои 100m² по два телефонски приклучоци.

Точниот број на фиксни телефонски приклучоци ќе се определи во зависност од барањата на Инвеститорите и развојните програми на правните субјекти кои управуваат со телекомуникациските инфраструктурни води.

Постојната телекомуникациска инфраструктура се задржува.

4.1.6.4. Гасоводна инфраструктура

Во границите на планскиот опфат согласно дописот од ГА-МА АД Скопје нема изведена ниту планирана гасоводна мрежа.

Сепак, со Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012 – 2022 планиран е гасовод крај собирната улица „Ѓорче Петров“. Истиот е преземен и вклопен во планското решение на овој детален урбанистички план.

4.1.6.5. Топловодна мрежа

Во границите на планскиот опфат нема изведена топлификациска мрежа. По однос на барањето за податоци, информации и мислења во „ПИМ“ постапката бр. 25006, Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ – Скопје се има произнесено: „Наведениот опфат на ДУП-от се наоѓа надвор од лиценцното подрачје на Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ - Скопје“.

Раководејќи се од нормативот за економска оправданост за изградба на топловодна мрежа од минимум 30 домаќинства на 1ha, со планираниот број на жители: 1346, т.е. 374 домаќинства, односно планирани 10 домаќинства на 1ha, може да се заклучи дека има економска оправданост за реализација на топловодна мрежа. Но, земајќи во обѕир дека во моментов нема технички можности за приклучување кон топловодна мрежа, ниту пак се очекува да има во планскиот период 2020 – 2025, топловодна мрежа со овој детален урбанистички план не е планирана.

4.1.7. Економско образложение

Економското образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планското решение на Деталниот урбанистички план ги опфаќа сите трошоци за планирање, уредување на замјиштето за изградба на објектите, инфраструктурните системи и партерно уредување.

Економското образложение произлегува од реалната состојба на објектите на терен, планските одредби од ГУП на Град Скопје 2012 – 2022 и планското решение.

Планот ги решава проблемите на важечките Детални урбанистички планови: Детален урбанистички план Дексион – Запад (Одлука бр. 07-500/4 од 28.05.1999) и Детален урбанистички план за локалитет Јурија, Општина Ѓорче Петров (Одлука бр. 07-1050/3 од 17.10.2001), односно се ускладува со новите планови од повисоко ниво ГУП Скопје 2012 – 2022 и РПЧ СЗ 24 Скопје 2016 – 2022, а и ги задоволува програмските барања зададени со планската програма.

Планот предвидува **123785m²** вкупно изградена површина, нудејќи нов пристап кон организација на просторот, со реално остварливи услови за реализација и интегрирање на просторот во градското ткиво. Обемот и динамиката на планското решение ќе го дефинира Општината според интересот и можностите за финансирање.

4.1.8. Општи услови за изградба

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Деталниот урбанистичкиот план, односно за изготвување на извод од урбанистички план и услови за изработка на архитектонско урбанистички проекти.

1. Општите услови и графичките прилози се составен дел на Планот и имаат правно дејство само врз градителска активност која ќе уследи по стапување во сила на Деталниот урбанистички план.

2. Објектите кои се изградени се евидентирани на ажурирани геодетски подлоги во Документационата основа на планот, се третираат како постојна состојба.

3. Општите услови се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат, а посебните услови се однесуваат на урбан дел и градежна парцела поединечно.

4. Надградби и доградби на постојните објекти може да се реализираат само по добиено мислење од компетентна институција дека постојниот односно реконструираниот конструктивен систем на објектот може да издржи таква надградба.

5. Во табеларниот приказ што е составен дел на посебните услови за изградба, прикажани се сите градежни парцели групирани по урбани делови и дефинирани со:
   - број на градежна парцела;
   - површина на градежна парцела (m²)
   - површина за градење (m²)
   - процент на изграденост (%);
   - вкупна површина по катови (m²)
   - коефициент на искористеност (k);
   - намена на земјиштето и градбите;
   - максимална висина на градбата (m');
   - максимален број на катови;
   - потребен број на паркинг места.

   Сите овие одредби се одредени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

6. Со планот се одредени следните услови:
   - облик и големина на градежна парцела (m²);
   - градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради;
   - површина за градба во која може да се развие основата на објектот (m²);
   - процент на изграденост (%);
   - вкупна површина по катови (m²);
   - коефициент на искористеност (k);
   - намена на објектот;
   - мах.висина на објектот од нулта кота на заштитниот тротоар-мах.висина на венец (m');

- максимален број на катови;
- врста на кров;
- насоки за архитектонско обликување;
- паркирање – гаражирање на возилата.

7. Согласно одредбите на Член 59, став (3) од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), возможна е реализација на заедничко подземно паркирање, преку заедничка пристапна комуникација, по добиена согласност од сопствениците на градежното земјиште кое е опфатено со предметните градежни парцели.

8. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Потребите за паркирање да се решат во сопствената градежна парцела. Комплетно решавање на потребниот број на паркинг места е основен услов за реализација до максимално дозволената висина и површина за градба.

9. Архитектонското обликување на објектите зависи од намената и функцијата. За компонирање на фасадите максимално да се почитува индивидуалноста на сопственикот и креативнсота на архитектот.

10. Во градежните парцели во кои се планираат повеќе објекти, габаритите на објектите, ќе се дефинираат со изработка на архитектонско – урбанистички проекти по претходно дефинирана проектна програма а во границите на планираната површина за градба.

11. Архитектонското обликување на објектите зависи од намената и функцијата. За компонирање на фасадите максимално да се почитува индивидуалноста на сопственикот и креативнсота на архитектот.

12. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.

13. Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се дозволени пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонски издатини.

14. Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:
    - првиот скалник од влезните партии до 30cm ако ширината на тротоарот е поголема од 2,00m,
    - првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 cm ако широчината на тротоарот е поголема од 2,00 m,
    - второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, бри-солеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12m и до 7,5% од широчината на

коридорот, но не повеќе од 1,50m длабочина. Елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60m над котата на тротоарот,

- третостепена пластика во која спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30cm.

Бруто развиената површина за градба е презентирана без површината од дозволените еркери, балкони, конзоли и сл.

15. Кога површините за градење од страната на градежната парцела се на растојание од 3m и помало не се дозволени пречекорувања на градежната линија со прво и второ степена пластика.

16. Минималното растојание на второстепената пластика од соседот при калканско спојување на соседните градби треба да изнесува најмалку 10% од должината на уличната фасада на објектот, но не помалку од изведеното конзолно или еркерно пречекорување. Забраната за испуштање елементи од второстепена пластика во зоната на калканско поврзување на објектите не се однесува на објекти кои се градат на повеќе здружени парцели ниту пак за оние за кои постои согласност помеѓу соседите.

17. Максимална височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела. Доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува од висинската кота на тротоарот во средината на страната на градбата долж падот на теренот.

18. Висината на венецот дадена на графичкиот прилог и табелите за нумерички показатели е максимална. Максималната висина на објектите изразена во должни метри се определува од нивото на нивелетата на тротоарот односно сообраќајницата или пристапната патека до завршниот венец на објектот.

19. Котата на нулта точка е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување.

20. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

21. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот. Дозволено е формирање на три типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:

- коси покриви со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35°,
- мансарден покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 60°,
- рамен покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5°. Во дозволената силуета е дозволено скалесто повлекување од страна на лицето на парцелата и оформување потпокрив, кој кон дното на парцелата е со вертикален ѕид во рамнина со фасадата. Аголот на скалестото повлекување може да изнесува најмногу 60°. Рамниот покрив може да претставува корисен простор за оформување на кровни градини и други содржини во функција на градбата или станбените единици лоцирани во потпокривот. На рамниот покрив не се дозволува поставување на архитектонско декоративни елементи со кои се обѕидува или оформува затворен корисен простор.

Максималниот агол на кровната конструкција се пресметува од завршниот венец на градбата во однос на вертикалната рамнина на фасадниот ѕид.

22. Максималната висина на слеме во однос на висината на завршниот венец на градбата изнесува 4,5m.

23. Во рамките на дозволената височина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по спратовите на градбата. Во потпокривот може да се искористи само една спратна височина.

24. Услов за реализација на сите градежни парцели освен оние со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура /Трафостаница/ е предвидување на зеленило во склоп на градежната парцела, со минимална застапеност од 20% во однос на површината на градежната парцела.

25. Градежните парцели во рамките на планскиот опфат може да се оградат, а типот и висината на оградата ќе се определи според намената на објекотот и другите барања за заштита. Просторите наменети за парковско и заштитно зеленило не се препорачува да се обградуваат.

26. Површините наменети во ДУП за движење на пешаци, секаде каде е тоа можно според конфигурацијата на теренот да бидат континуирани, без скали и со подолжен наклон од максимум 8,33%, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.

27. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормално одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

28. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.

29. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ќе се определуваат согласно проекти од Градот и општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

30. Не е дозволено наводнувањето на зелените површини во планскиот опфат да се врши со вода од градскиот водоснабдителен систем. Наводнувањето ќе се врши со техничка вода преку локален бунарски систем.

31. Доколку при реализацијата на планираната изградба дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

При примена на планските решенија на Деталниот урбанистички план за Градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.01, Блок СЗ 24.012 и Блок СЗ 24.04 Општина Ѓорче Петров, Скопје за плански период од 2020 – 2025 год. за сè што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.1.9. Посебни услови за изградба

Планскиот опфат на Деталниот урбанистички план за Градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.01, Блок СЗ 24.02 и Блок СЗ 24.04, Општина Ѓорче Петров, Скопје е дефиниран во една целина, а границите на истиот коинцидираат со границите на Блоковите СЗ 24.01, СЗ 24.02 и СЗ 24.04 како што е дефиниран во РПЧ СЗ 24 Скопје 2016 - 2022.

БЛОК СЗ 24.01

Природа на зафат:

- Во потпокривот може да се користи само една спратна висина и таа површина се третира рамноправно како и другиот корисен простор по спратовите.
- Бруто развиената површина за градба е презентирана без површината од можни галерии, конзоли и сл.

Градежна парцела 01.01

Намена: А2 – Домување во станбени згради

Компатибилни намени: Б1, Б2, Б4, Б5, В3, В4, Д3, Е2 (вкупно max 40%)

Висина на венец: 13,00m

Број на катови: П+3

Пристап до парцела:

- Пристап за моторни возила од станбена улица Ст-1.

Зеленило:

- Задолжителен услов е обезбедување на минимална застапеност од 20% во однос на површината на градежната парцела.
- На деловите каде е предвидено зеленило, а се планира реализација на подземно ниво, неопходно е да се предвиди простор за земја над конструктивните елементи со минимална длабочина од 30cm.

Паркирање:

- Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Комплетно решавање на потребниот број на паркинг места е основен услов за реализација до максимално дозволената висина и површина за градба.

Градежна парцела 01.02

Намена: А2 – Домување во станбени згради
Компатибилни намени: Б1, Б2, Б4, Б5, В3, В4, Д3, Е2 (вкупно max 40%)
Висина на венец: 13,00m
Број на катови: П+3
Пристап до парцела:

- Пристап за моторни возила од станбена улица „Ст-1“ преку јавен паркинг пресек 18.

Зеленило:

- Задолжителен услов е обезбедување на минимална застапеност од 20% во однос на површината на градежната парцела.
- На деловите каде е предвидено зеленило, а се планира реализација на подземно ниво, неопходно е да се предвиди простор за земја над конструктивните елементи со минимална длабочина од 30cm.

Паркирање:

